НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

II ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ТРИГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

# I. ВОВЕД

**(Основни податоци за наставниот предмет)**

Наставниот предмет македонски јазик и литература ги опфаќа програмските подрачја Јазик и Литература. Преку овој наставен предмет учениците треба да ги усвојат основните знаења од јазик и успешно да ги применуваат. Во подрачјето Литература се создаваат услови да се практикуваат знаењата од подрачјето Јазик.

Одредени наставни содржиниво секоја година се во насока на развивање на конкретни вештини и знаења преку практична примена.

**Назив на наставниот предмет:** македонски јазик и литература

акедонски јазик и литература

**Вид на средно образование:** стручно

**Година на изучување на наставниот предмет:** втора година

**Број на часови на наставниот предмет:**

- Број на часови неделно: 3 часа
- Број на часови годишно: 108 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ (од I до III година)

Ученикот/ученичката:

- да ги проширува и продлабочува знаењата за македонскиот литературен јазик како основно средство за комуникација;
- да се оспособува за самостојно усно и писмено изразување, за сфаќање, доживување и толкување на литературните и на другите текстови;
- да ги развива и да ги поттикнува индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературниот текст;
- да ја развива и да ја зацврстува свеста за значењето на македонскиот литературен јазик како најкарактеристичен белег на националниот идентитет и припадност на македонската јазична заедница;
- да развива и да стекнува способности и вештини во комуникацијата, во правец на меѓусебно почитување и разбирање на луѓето и народите и нивните литературни, културни и научни придобивки и вредности;
- да се здобие со трајни и функционални знаења;
- да се оспособи за реализирање на целите на наставата во предвидената наставна година и на конкретните цели.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да го објасни предметот на проучување на морфологијата и морфосинтаксата;
- да може да ги категоризира зборовите во зборовните групи;
- да ја знае функцијата на зборовите од морфолошки и морфосинтаксички аспект;
- да ги разликува одделните видови на зборови да ја знае нивната функција во реченицата;
- да ги разликува формите на глаголот по состав, време, начин;
- да може да ги примени стекнатите знаења од морфологијата и морфосинтаксата во усното и писменото изразување;

- да се здобие со знаења за највредните светски остварувања во периодот на хуманизмот и ренесансата, класицизмот, рационализмот, просветителството и романтизмот;
- да се здобие со знаења за македонската литература од периодот на просветителството, романтизмот, како и периодот од крајот на 19 век и почетокот на 20 век;
- да се оспособува за доживување и за разбирање на литературата како уметност на зборот и да се запознае со нејзините родови и видови;
- да ги проширува основните елементи на литературниот израз.

## IV. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **Програмско подрачје: ЈАЗИК** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ја дефинира морфологијата како наука за јазикот и нејзината функција;<br>- да препознава морфема;<br>-да ја набројува значенската, морфолошката и функционалната класификација на зборовите;<br>-да знае да ги класифицира зборовите;<br><br>-да го дефинира поимот именка и неговото | Морфологија<br>Морфологијата како дел од граматиката.<br>Поим за морфема.<br>Зборовни групи | Морфема<br>Претставки<br>Наставки<br>Значенска класификација морфолошка и функционална<br><br>Видови именки, граматички | Вежби преку кои учениците ќе можат да ги идентификуваат и класифицираат зборовите (именки, придавки,броеви... неменливи, менливи зборови, подмет, предмет, атрибут).<br><br>Вежби за определување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| значење;<br>-да ги именува именките според видот;<br>-да ги разликува разните видови именки и категориите кај именките (род, број, определеност);<br>-да ги препознава различните видови множина кај именките;<br>-да ги образува стилските можности на именките;<br>-да ги применува видовите именки во текст;<br><br>-да ги дефинира придавките и нивните граматички категории;<br>-да ги препознава и именува различните видови придавки (описни, односни, бројни и заменски);<br>-да ги разликува категориите кај придавките (род, број, определеност и степен);<br>-да ги применува придавките во текст;<br><br>-да ги препознава броевите од другите видови зборови;<br>-да ги разликува категориите на броевите;<br>-да ги класифицира и објаснува бројните форми за определена и приближна бројност; | Именки<br><br>Придавки<br><br>Броеви<br><br>Заменки | категории<br>видови множина<br>деминутиви<br>пејоративи<br>аугментативи<br><br>Описни,<br>односни,<br>бројни,<br>заменски<br>придавки;<br>категории: род, број, определеност, степенување<br><br>Граматички категории,<br>определена и приближна бројност | именките.<br>Функционални вежби за определување на граматички категории.<br>Вежби за стилска употреба на именките.<br><br>Вежби за употреба разликување на видовите придавки.<br>Вежби за степенување на придавките.<br>Вежби за препознавање на граматичките категории.<br><br>Текстови преку кои ќе се определува определената и приближната |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги применува броевите;<br><br>-да ги препознава заменките од другите видови зборови;<br>-да ги класифицира видовите заменки (лични, лично-предметни, показни);<br>-да ги применува заменките;<br><br>-да го дефинира поимот глагол;<br>-да ги класифицира глаголите според граматичките категории;<br>-да ги споредува глаголите според видот;<br>-да ги применува глаголите;<br><br>-да ја споредува простата и сложената глаголска форма;<br>-да ја знае простата глаголска форма;<br>-да ги споредува минатото свршено и несвршено време;<br>-да ги применува образувањата на простите глаголски времиња; | Глаголи<br><br>Прости глаголски форми | лични,<br>лично-предметни,<br>показни заменките<br><br>Категорија време,<br>начин,<br>лице<br>вид,<br>преодност,<br>број, род<br><br>Сегашно време, минато определено свршено и минато определено несвршено време | бројност.<br><br>Текстови во кои ќе се препознаваат заменките и нивните видови<br>Текстови во кои ќе се препознаваат кратките заменски форми<br><br>Текстови за препознавање на глаголите.<br>Вежби за определување на граматичките категории.<br>Вежби за трансформација на глаголите во различен вид.<br><br>Вежби за образување на сегашно и минато време.<br>Вежби за трансформација од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги опишува особеностите на неличните глаголски форми (граматичките категории и нивните одлики);<br>-да ги образува и разликува неличните глаголски форми;<br>-да ги употребува неличните глаголски форми;<br><br>-да ги разликува сложените глаголски форми;<br>-да ги класифицира сложените глаголски форми,<br>-да умее да ги образува сложените глаголски форми;<br>- правилно да ги применува сложените глаголски форми; | Нелични глаголски форми<br><br>Сложени глаголски форми<br><br>Категорија начин кај глаголот | Глаголска л-форма<br>Глаголска придавка<br>Глаголска именка<br>Глаголски прилог<br><br>Минато неопределено време<br>Идно време<br><br>Можен начин<br>Заповеден начин | минато свршено во несвршено и обратно.<br>Текстови во кои ќе ги определуваат изучените времиња.<br><br>Вежби за препознавање и образување на неличните глаголски форми<br><br>Вежби за определување на сложените глаголски форми во подготвени текстови или реченици.<br>Вежби за разликување од простите глаголски форми и нивна трансформација.<br>Вежби за употреба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги препознава различните начини кај глаголот;<br>-да ги разликува различните начини кај глаголот;<br>-да ги образува  примери од можен и заповеден начин;<br><br>- да ги разликува прилозите од другите видови зборови;<br>- да ги класифицира прилозите според видот;<br>-да ја сфати нивната функција во реченицата;<br>-правилно да ги употребува прилозите;<br><br>-да ги препознава предлозите;<br>- да ја знае нивната функција во реченицата;<br>-да ги употребува правилно предлозите; | Прилози<br><br>Предлози<br><br>Сврзници и сврзувачки зборови | Време<br>Место<br>Начин<br>Количество и степен<br><br>Односи меѓу зборовите<br><br>Прости, сложени, координациски, субординациски | на сложените глаголски времиња.<br><br>Вежби за препознавање и трансформација на можниот и заповедниот начин.<br>Текстови во кои ќе можат да го определат начинот кај глаголот.<br><br>Вежби за поделба на прилозите со потенцирање на разликата на прилогот и придавката.<br>Текстови во кои ќе се откриваат прилозите.<br><br>Текстови за препознавање на предлозите.<br>Вежби за правилна употреба на предлозите (текстови со дадено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да прави разлика меѓу сврзници и сврзувачки зборови;<br>-да ја објаснува нивната функција;<br>-да ги класифицира сврзниците;<br>-да ги одделува сврзниците од сврзувачките зборови;<br>-да ги употребува правилно сврзниците и сврзувачките зборови во текст;<br><br>-да ги разликува честичките, извиците и модалните зборови;<br>- да ја знае нивната функција;<br>-да знае да ги определи во текст;<br><br>-да ја дефинира лексикологијата;<br>-да илустрира со пример различното лексичко значење на зборот; | Честички, извици и модални зборови<br><br>Лексикологија-поим за зборот, основни типови лексички значења на зборовите<br><br>Лексиката според процесот на обновување | Образување граматички форми определување, чувствени реакции, состојби,<br>личен став<br><br>Синоними<br>Хомоними<br>Антоними<br>Пароними | празно место да се вметнат соодветни предлози).<br><br>Текстови со препознавање на сврзниците и сврзувачките зборови.<br>Вежби со празно место за избор на соодветен сврзник.<br><br>Вежби за правилно усвојување и разликување на овие видови зборови.<br>Вежби со посочување на честичките за тврдење, одрекување, изделување, прашување.<br><br>Вежби за употреба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да умее да ги класифицира зборовите според лексичкото значење;<br>-да споредува синонимите, хомонимите, антонимите и паронимите;<br>-да ги употребува правилно во секојдневната комуникација;<br><br>-да ги определи видовите зборови според процесот на обновување;<br>-да ги класифицира според видот;<br>–да ги препознава во текст;<br>- да ги употребува во дадена ситуација;<br><br>-да ги класифицира според видот;<br>-да ги препознава во текст;<br>-да ги користи правилно во секојдневната комуникација;<br><br>-да ги дефинира поимите;<br>-да ги набројува одликите на писмените текстови;<br>-да ја знае нивната примена во секојдневието;<br>-да ги споредува писмените текстови од | Лексиката според потеклото на зборовите<br><br>Практично-професионална комуникација<br><br>Известување (Соопштение)<br>Вест<br>Покана<br>Реферат<br>Телеграма | Архаизми<br>Историзми<br>Неологизми<br><br>Домашни и туѓи зборови<br>Црковнословенизми<br>Интернационализми<br>Турцизми<br><br>Известување<br>Вест<br>Соопштение<br>Покана<br>Реферат<br>Телеграма | на изучените лексички значења на зборовите.<br>Вежби за потенцирање на различното значење на зборовите (основното и преносното).<br><br>Текстови во кои ќе ги издвојува и соодветно ќе ги класифицира и употребува изучените зборови.<br><br>Вежби со дадени зборови или текстови во кои треба да се класифицираат различните зборови по потекло.<br>Вежби за замена на зборовите од странско потекло со домашни зборови.<br>Вежби за самостојно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| практично-професионалната комуникација;<br>-да прави разлика меѓу соопштение и вест;<br>-да ги применува правописните правила и стандардниот македонски јазик; | | | изработување на текстовите (практична примена на знаењата УПФТ-улога, публика, форма, тема). |

| **Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги набројува одликите на предренесансата, ренесансата и хуманизмот во европските литератури;<br><br>-да го објаснува значењето на Данте Алигиери, Франческо Петрарка и Џовани Бокачо за појавата и развојот на ренесансната литература; | Хуманизам и ренесанса: појава, одлики, претставници | Хуманизам, ренесана,<br>Рана, висока и доцна ренесанса<br>Новела, сонет | Работа во групи:<br>-аудиовизуелна презентација на ренесансата во различни видови уметност и резимиран пресек на одликите;<br>-новите жанрови во ренесансата (сонет, новела, есеј-преглед)<br>полемика:средниот век и ренесансата за и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | против. Книжевни текстови илустративни за овој период (извадоци). |
| -да ги репродуцира основните био-библиогрфски податоци за Данте Алигиери;<br><br>-да интерпретира конкретно дело низ призма на одликите на ренесансната поетика;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Вилијам Шекспир;<br><br>-да интерпретира конкретно дело низ призма на одликите на ренесансната литература;<br><br>-да интерпретира конкретно дело низ призма на одликите на драмскиот род и на | Ренесансата во италијанската литература:<br>Данте Алигиери - „Божествена комедија" („Воведна песна")<br><br>Ренесансата во англиската литература<br>Вилијам Шекспир - „Хамлет" | Предренесанса, симбол, алегорија<br><br>Ренесансна трагедија, драма во драма | Шематски приказ на структурата на „Божествената комедија" како контекст за разбирање на „Воведната песна". Интерпретативно читање на „Воведната песна" со препознавање и објаснување на симболите и алегориското значење.<br><br>Подготвително (пред часот) гледање на филмот „Вљубениот Шекспир" со цел селектирање на елементарните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| драмскиот вид трагедија; | | | био-бибилиографски податоци за Шекспир. Интерпретативно читање на трагедијата „Хамлет". Читање по улоги. Инсценација на извадок од трагедијата (Убиството на Гонзаго) за да се илустрира постапката драма во драма. |
| -да ги набројува одликите на класицизмот во европските литератури и неговите претставници во одделните национални литератури;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиогрфски податоци за Молиер; | Класицизам, појава, карактеристики, претставници<br><br>Молиер - „Тартиф" | Класицизам, култ кон правила<br><br>Класицистичка комедија, комедија | Работа во групи: аудиовизуелна презентација на класицизмот во различните видови уметност и резимиран пресек на одликите. Фокус врз нормативната поетика на класицизмот. Подготвително следење на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги илустрира одликите на класицистичката драма преку интерпретација на конкретно дело;<br><br>-да применува теоретски знаења од литературата преку анализа на драмско дело; | | на карактери | претставата „Животот на Молиер“ со цел селектирано запознавање со био-библиографијата на Молиер. Интерпретативно читање на извадоци од Тартиф со препознавање на одликите на класицистичка комедија и комедија на карактери. Дискусија на тема: Социјалната критика во драмата. |
| -да ги коментира општествено-економските услови за појава на просветителството во Европа ;<br><br>-да ги набројува одликите на рационализмот и просветителството во Европа; | Рационализам и просветителство во европската литература: појава, одлики, претставници | Рационализам, просветителство, енциклопедисти | Работа во групи: презентација на принципите на европскиот рационализам и просветителство. Илустративни текстови (извадоци |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги набројува главните претставници на просветителството во Европа; | | | од „Кандид" на Волтер; од „Емил, или за воспитувањето" на Русо, од басните на Крилов или на Обрадовиќ и сл). Дискусија по претходно понудени информации. |
| -да ги објаснува причините за појава на просветителството во Македонија ;<br>-да ги репродуцира основни знаења за одликите на просветителството во Македонија и за неговите претставници;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Јоаким Крчовски;<br><br>-да ги препознава и ги коментира одликите на просветителството во Македонија преку животот и творештвото на Јоаким Крчовски;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиогрфски податоци за Кирил Пејчиновиќ; | Просветителството во Македонија:<br>појава, одлики, претставници<br><br>Јоаким Крчовски - „ Слово заради завист" | Културно-просветителска дејност<br><br>Народен говор, слово, религиозно-поучна литература, верска и морална просвета | Вежби на текстови преку кои ќе се направи литературно-јазична анализа Дискусија на тема: просветителските идеи денес – неопходност или депласираност?<br><br>Читање на просветителски текстови (од Крчовски, Пејчиновиќ, Синаитски). Селективно бележење на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги објаснува и да ги коментира просветителските идеи преку интерпретација на конкретен текст од овој книжевен период;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиогрфски податоци за Теодосиј Синаитски;<br><br>-да демонстрира факти за македонските печатници;<br><br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Цинот;<br><br>-да ги препознава естетските вредности на текстовите на Цинот и нивната книжевно-историска важност;<br>-да го коментира значењето на Цинот за историјата на македонската литература ; | Кирил Пејчиновиќ - Епитаф, „Слово за празниците"<br><br>Теодосиј Синаитски - Предисловие кон „Утешение грешним“<br><br>Јордан Хаџи Константинов –Цинот: просветителска и литературна дејност („Труд ми е името") | Епитаф, поучно слово<br><br>Печатарска дејност<br><br>Современо училиште, просвета на народен јазик | идеите од текстовите. Дијалошки метод за јазикот во Словата и споредба меѓу одделните текстови факсимили.<br><br>Дискусија: „Идеите на Синаитски“.<br><br>Интерпретативно читање на извадоци од репрезентативни текстови на Цинот (по избор на наставникот). Нотирање на дидактичко-просветителските и естетските одлики на делата. |
| -да ги репродуцира причините и условите за појава на романтизмот во европските литератури; | Романтизам - појава, одлики, претставници | Романтизам, светска болка, гениј, бегство од реалноста, мешање на родови и | Работа во групи: аудиовизуелна презентација на одликите на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги набројува одликите на романтичарската литература; | | видови | романтизмот. Резимиран приказ на доминантите на романтичарската поетика. Илустрација низ извадоци од парадигматични текстови. |
| -да ги набројува основните податоци за романтизмот во англиската литература;<br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Бајрон;<br>-да ја интерпретира „Прошталната песна" препознавајќи ги одликите на романтизмот; | Романтизмот во Англија<br><br>Џорџ Гордон Бајрон „ Странствувањето на Чајлд Харолд" („Проштална песна") | Романтичарски јунак,<br>поема | Подготвително следење на филмот Бајрон: „Балада за обеземениот" со цел да се селектираат биобиблиографските податоци за Бајрон и да се долови неговиот статус на типичен романтичарски јунак/автор. |
| -да ги набројува основните податоци за романтизмот во руската литература;<br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Пушкин;<br>-да интерпретира конкретно дело низ призма на романтичарската поетика;<br>-да демонстрира структура на типични жанрови во романтизмот (роман во стих); | Романтизмот во Русија<br>Александар С. Пушкин - „Евгениј Онегин" | Роман во стихови | Интерпретативно читање на „Прошталната песна".<br><br>Интерпретативно читање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | извадоци од „Евгениј Онегин". Читање на писмата на Евгениј и Татјана. Дискусија на тема: Сликата на жената во руското општество/сликата на руската интелигенција. |
| -да ги објаснува општествено-историските, економските и културните прилики во Македонија како услов за појава на романтизмот и културната преродба;<br>-да ги набројува спецификите на македонскиот романтизам/преродба;<br><br>-да го коментира значењето на собирачите на македонско народно творештво за развојот на македонската литература;<br>-да ја споредува собирачката дејност на Шапкарев и Цепенков;<br>-да ги набројува основните био-библиографски податоци за Димитрија Миладинов;<br>-да ја илустрира собирачката дејност на прердобениците преку Зборникот на браќата Миладиновци; | Романтизмот и културната преродба во Македонија<br><br><br><br><br><br><br>Собирачи на македонско народно творештво<br>Димитар и Константин Миладинови,<br>Кузман Шапкарев, Марко Цепенков | Културна преродба<br><br><br><br><br><br><br>Зборник, собирачка дејност | Учениците во групи и индивидуално ги забележуваат предзнаењата во врска со новата наставна содржина.<br>Визуелен материјал<br><br>Текстови за илустрација на собирачката дејност (извадоци).<br>Предговорот кон „Зборникот на Миладиновци".<br>Фотографии, репродукции, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги знае основните био-библиографски податоци за Константин Миладинов;<br>-да ги интерпретира песните на Константин Миладинов од аспект на романтичарската поетика;<br>-да го толкува присуството на фолклорот во македонскиот романтизам;<br>-да го проценува значењето на Константин Миладинов за преродбата во Македонија;<br><br>-да ги знае основните био-библиографски податоци за Прличев;<br><br>-да применува теоретски знаења од литературата преку анализа на Сердарот (словенска антитеза);<br><br>-да демонстрира структура на типични жанрови во романтизмот (поема); | Константин Миладинов Поезија ( „Т`га за југ", „Бисера", „Голапче")<br><br>Григор Прличев - „ Сердарот" | Основоположник на уметничката поезија<br><br>Поема,<br>словенска антитеза | факсимили.<br><br>Интерпретативно читање на песните на К.Миладинов.<br>Работа во групи со конкретни задачи: романтичарските елементи во песните на Миладинов (евентуално споредбено читање на „Т'га за југ " и „Прошталната песна" од Бајрон); фолклорните елементи во песните на Миладинов.<br><br>Индивидуално-селективно истражување на биобиблиографски факти за Прличев од страна на учениците (фрагменти од „Автобиографијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ") и резимиран приказ на часот за да се направи биобиблиографски профил на авторот. Интерпретативно читање на извадоци од „Сердарот" со фокус врз: неговите одлики како поема (лирските и епските елементи), илустрација на типичните стилски фигури, полемички коментар на постапките на ликовите- нивната етичка оправданост.<br><br>Драматизирање на делови од поемата „Сердарот" |
| -да ги коментира спецификите на културно-историскиот контекст во Македонија од овој период; | Македонската литература од крајот на 19 век и почетокот на 20 век | Историски контекст | Разговор за условите и за состојбата на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Војдан Чернодрински;<br>-да ја интерпретира драмата „Македонска крвава свадба" во контекст на историскиот момент;<br>-да ги знае одликите на драмската структура;<br>-да го коментира придонесот на Чернодрински во историјата на македонската драма и литература, воопшто. | Војдан Чернодрински - „Македонска крвава свадба". | Прв македонски театар, прва македонска драма | македонската литература при крајот на 19 и почетокот на 20 век.<br><br>Интерпретативно читање на извадоци од драмата „Македонска крвава свадба" со фокус врз типичните драмски елементи: композиција, дијалог, драмски конфликт.<br>Видео - презентација на театраската претстава „Чернодрински се враќа дома". |

Лектири:

1. Мигел де Сервантес - *„Дон Кихот"*
2. Џовани Бокачо -*„Декамерон"*
3. Марко Цепенков - *„Силјан Штркот"*
4. Рајко Жинзифов -*„Прошедба", „Крвава кошула"*
5. Иван Мажураниќ - *„Смртта на Смаил-ага Ченгиќ"*

## V. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот македонски јазик и литература подразбира распределба на часовите за усвојување на нови наставни содржини од областите Јазик и Литература, при што треба да се обрне внимание на бројот на часовите за реализирање на функционалните цели на обете подрачја, со акцент врз самостојната работа на учениците.

Во текот на наставната година се работат три задолжителни писмени работи за кои се испланирани девет (9) наставни часа (за техничка подготовка, за изведба и за поправка).

Целите на предметот македонски јазик и литература ќе бидат успешно остварени доколку во целост се исполнат сите конкретни цели кои се систематизирани по подрачја и теми.

За реализација на програмските содржини ќе се применува традиционална и современа наставна технологија, како единство на интеракција меѓу наставникот, ученикот и наставната содржина, формите, методите и средствата, за да се постигнат целите на предметот. при што ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.

По дадените информации за определена содржина, наставникот со примена на современи наставни техники, од учениците ќе бара истите да ги толкува со примена на формите на усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, истражуваат, анализираат, синтетизираат и практично ќе ги применуваат здобиените знаења. Прашањата кои ги поставува наставникот треба да бидат насочени и во функција на поттикнување на различни видови мислења и ставови со различна сложеност. Во добиените одговори од ученикот, наставникот нема да бара само препознавање и репродукција на меморираното, туку ќе бара искажување најразлични судови, мислења и откривање на заемните врски меѓу идеите, фактите и нивните вредности. Активностите и улогата на ученикот и на наставникот меѓусебно се кординираат во текот на процесот на учењето.

Покрај основните традиционални методи ќе се применуваат и методите за активно учење преку кои ќе се развива и усовршува читањето и пишувањето и критичкото размислување со што ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.

По давањето на информациите за определена содржина, со примена на икт и современа наставна технологија, од учениците ќе се бара истите да ги толкуваат со примена на формите за усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, анализираат и синтетизираат и практично да ги применуваат стекнатите знаења. Прашањата секогаш ќе бидат во функција на поттикнување и на различни видови мислења и на ставови со различна сложеност, искажување најразлични мислења, ставови, идеи, факти и други вредности.

## VI. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Согласно Блумовата таксономија воспоставени се стандарди за оценување според кои се распоредени програмските подрачја и содржините. Во втора година учениците во програмското подрачја јазик ги усвојуваат и обработуваат содржините: Морфологија, Лексикологија и Практично професионална ориентација.Од програмското подрачје литература ги усвојуваат и обработуваат содржините: Хуманизам и Ренесанса во италијанската и англиската литература, Класицизам, Рационализам и Просветителство во европската литература,Романтизмот во англиската и руската литература, Романтизмот во македонската литература и Македонската литература од крајот на 19 и почетокот на 20 век.

| Наставно подрачје/ содржини | Ниво на постигање | Стандард |
|---|---|---|
| **Литература**<br><br>Хуманизам и ренесанса<br><br>Класицизам во европската литература<br><br>Рационализам и просветителство во европската литература<br><br>Просветителството во Македонија<br><br>Романтизмот во Европа<br><br>Романтизмот и културната преродба во Македонија<br><br>Македонската литература од крајот на 19 век и почетокот на 20 век | Помнење | Ученикот/ученичката:<br>набројува белези за предренесанса, хуманизам и ренесанса во европските држави;<br>набројува основни био-библиографски податоци за Данте, Шекспир;<br>именува основни белези на класицизмот во европските држави;<br>знае основни био-библиографски податоци за Молиер;<br>набројува белези на рационализмот и просветителството во Европа;<br>набројува белези на просветителството во Македонија;<br>репродуцира основни био-библиографски податоци за Пејчиновиќ, Синаитски, Јордан Хаџи Константинов –Џинот;<br>кажува факти за појавата на романтизмот во Европа;<br>набројува основни био-библиографски податоци за Бајрон, Пушкин;<br>репродуцира специфики на македонскиот романтизам;<br>знае основни био-библиографски податоци за К.Миладинов, Г.Прличев,В.Чернодрински. |
| | Разбирање | Опишува структура на типични дела на хуманизмот и ренесансата;<br>толкува белези на класицизам;<br>објаснува карактеристики на македонскиот романтизам;<br>го толкува значењето на Д.Миладинов како преродбеник и како собирач на народни умотворби. |
| | Применување | Демонстрира структура на видови дела;<br>драматизира лик од дело;<br>применува теоретски знаења на конкретни примери. |
| | Анализа<br>Синтеза<br>Вреднување | Анализира дело од Данте, Шекспир, Молиер, Пејчиновиќ, Синаитски, Јордан Хаџи Константинов - Џинот, Бајрон, Пушкин, К.Миладинов, Р. Жинзифов, Г.Прличев, В.Чернодрински;<br>вреднува значење на ликови во дадено дело;<br>коментира белези на различни правци во литературата. |

## VII. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик и литература оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови, и слично.

Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.

Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.

Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.Оценувањето треба да биде во функција на успешно продолжување на образованието од четврти степен.

За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава. Ученикот се оценува со бројчана оценка.

## VIII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата се организира во училница или во кабинет, а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализација (институции на култура, научни институции, природен амбиент и др.).

## IX. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Студиски групи на Филолошкиот, односно Филозофскиот факултет:
-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јази како втор главен предмет;
-Македонски јазик и книжевност-наставна насока;
-Општа и компаративна книжевност.

## X. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2014 година

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по македонски јазик и литература за втора (II) година на средното стручно образование со тригодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

МИНИСТЕР,

__________________________

Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр.02-628/1 од 22.04.2013 год., координатор м-р Блага Панева
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-5498/1 од 01.10.2013 година
Скопје